

“Ало Бушавко” - линија за деца и млади - 070 390 632

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ | 2024

http://childrensembassy.org.mk

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АлоБушавко - линија за деца и млади - 070 390 632

Контакт:

02 2465 316

email:

alobushavko@childrensembassy.org.mk

sos@childrensembassy.org.mk

info@childrensembassy.org.mk

Социјални медиуми:

# Вовед

АлоБушавко – гласот што ги слуша децата! Во свет во кој детските гласови честопати остануваат незабележани, Ало Бушавко е тука за да ги слушне, разбере и поддржи. Со Ало Бушавко, децата имаат своја сигурна зона – простор во кој можат да зборуваат за она што ги мачи, да поставуваат прашања, да добијат информации, поддршка и охрабрување. Нашата главна цел е секое дете да знае дека не е само, и дека неговото право да биде чуено и заштитено е реалност – не само зборови на хартија.
Преку разговори, советување, лобирање и застапување, Ало Бушавко е сојузник на децата, за нив, овој повик е првиот чекор кон промена, сигурност и надеж.

Телефонот за деца и млади функционира според принципите на Конвенцијата на ООН за правата на детето, со посебен акцент на правото на приватност и заштита од повреди. Главната цел на АлоБушавко е да обезбеди поддршка за децата кои имаат потреба од: разговор, форум за размена на информации, поставување прашања, како и добивање помош и поддршка во процесот на застапување, лобирање и промовирање на правата на детето.
Во текот на дванаесетмесечниот период од 2024 година, АлоБушавко продолжи да функционира преку целосно дежурство, достапен 24 часа на ден, 7 дена во неделата. Ова беше овозможено благодарение на тимот на АлоБушавко (Маја Велковска - координаторка (01.10.2025 - тековно) на АлоБушавко, Клементина Добревска - психолог и координаторка (01.01.2024 - 30.09.2024) на АлоБушавко, Дамјан Николовски - социјален работник, Маријана Марковиќ - супервизорка на телефонот, Гордана Пирковска-Змијанац - основачка и в.д оперативна директорка на Меѓаши), како и групата посветени волонтери/ки (Марија, Даниел, Стефани, Мимоза, Мартина, Весна, Јована, Евдокија, Ангела, Мила, Александра и други), кои несебично го вложија своето време и знаење.

Со поддршка од Детската фондација Песталоци, преку проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, беа ангажирани дополнително две операторки, што го зголеми капацитетот на телефонската линија.
Целокупната работа на тимот на АлоБушавко во Детската амбасада МЕЃАШИ, како и претходните години, беше менторирана од Гордана Пирковска Змијанац.



# СОДРЖИНА


Основни/ демографски податоци за дојавите 04

Причини за дојавите по категории 09

Преземени акции 12

Активности 14

Прилози 25

# ОСНОВИ/ ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ДОЈАВИТЕ ↓

**ВКУПЕН БРОЈ НА ДОЈАВИ** **208**

**ВКУПЕН БРОЈ НА ДЕЦА ОПФАТЕНИ СО ДОЈАВИТЕ** **222**



## Етничка припадност




## Ранливи групи



# Канали на комуникација




# Средина на живеење



# ПРИЧИНИ ЗА ДОЈАВА ПО КАТЕГОРИИ

Во овој дел се прикажани податоци за прекршувањата на правата на децата, класифицирани по категории на проблеми. Секој случај, без разлика дали е барање информација или посериозен проблем, се бележи според стандарден образец на Child Helpline International (CHI). АлоБушавко – телефонот за деца и млади 070 390 632, членка на оваа мрежа од 2004 година, ги категоризира дојавите според деветте главни категории на проблеми или нивните поткатегории во зависност од сложеноста на проблемот.




**Проблеми според категории**

*Забелешка: едно дете опфатено во една дојава може и најчесто е броено и ставено во повеќе од една категорија и подкатегорија на проблеми. Тоа е така затоа што проблемите никогаш не се едноставни и изолирани, најчесто повлекуваат и други, пропратни проблеми. Оттаму, може да се каже дека кај 222 деца опфатени во дојавите забележани се вкупно 682 проблеми и последици од нив.

**Резиме**

Според податоците за анализираниот едногодишен период, сите 222 деца опфатени со дојавите се соочувале со повеќе од еден проблем поврзан со менталното здравје. Оваа категорија е најзастапена и сочинува 74,2% од вкупниот број на проблеми по категории.
Во рамки на категоријата „Ментално здравје", најчести подкатегории се:

- страв и вознемиреност (97 деца),
- проблеми со гневот (93 деца),
- загриженост за себе (79 деца).

Важно е да се истакне дека овие состојби често се јавуваат заедно, па многу деца пријавиле повеќе симптоми истовремено. Главни причини за ваквите психолошки тешкотии се нарушените односи меѓу родителите, особено по развод, несогласувањата околу контактите со детето или неостварените средби со родителот кој не е старател.

Ова се потврдува и преку категоријата „Семејни односи", која е на четвртото место по број на дојави. Сите 17 случаи во оваа категорија се поврзани со нарушени односи со родителите, најчесто за време на или по разводот. Дополнително, проблемите произлегуваат и од нарушени меѓучовечки односи − како конфликти со врсници или тензии меѓу ученици и наставници.

За жал нашето општество сѐ уште не покажува доволна посветеност кон менталното здравје на децата и младите, иако тоа е еден од најгорливите и најважни предизвици на современото време. Недостигот од системска поддршка, стручни кадри и интерсекторска соработка остава многу деца без соодветна заштита и поддршка во клучни моменти од нивниот развој. Наместо менталното здравје да се третира како составен дел од севкупната добросостојба на детето, често останува маргинализирано, стигматизирано или занемарено. Ваквиот пристап резултира со зголемен ризик од долгорочни последици по здравјето, образованието и социјалната интеграција на децата, особено кај оние кои се соочуваат со траума, насилство или семејни проблеми.

На второ место по пријави, односно 16,8% од пријавените деца добиле поддршка и советодавни услуги во врска со насилство и занемарување, што спаѓа во категоријата „Повреда“. Најчеста подкатегорија тука е емоционалното насилство, со 30 пријави, а веднаш потоа следат занемарување на деца (21 случај) и физичко насилство (18 случаи).

Трета по зачестеност е категоријата поврзана со загрозување на правата на детето во образовниот систем, со застапеност од 2,6%. Од вкупно 18 пријави, 16 се однесуваат на проблеми со наставниот или стручниот кадар во училиштата.

Категории со најмал број пријави се:

- Семејни односи (2,5%),
- Дискриминација и исклучување (1,6%),
- Пристапност (1,2%),
- Сексуалност (0,4%),
- Исчезнати деца (0,4%),
- Физичко здравје (0%).

# ПРЕЗЕМЕНИ АКЦИИ

Во текот на постапувањето и давањето поддршка, тимот на АлоБушавко - телефонот за деца и млади често соработуваше со Центрите за социјална работа, посебно со Интервентиот тим при Скопскиот центар, како и Центрите од другите градови, Народниот правобранител, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење, како и други чинители и организации заради обезбедување подобра и поефикасна поддршка на јавувачите.

Тимот на АлоБушавко 070 390 632 е составен од различни профили: психолози, педагози, наставници, социјални работници и психотерапевти под супервизија. Оваа тимска разноликост ни дава можност секој случај поединечно да биде разгледан од повеќе аспекти и да се изнајде најдобро решение за негово разрешување во рамки на надлежностите на Детската амбасада Меѓаши.



# АКТИВНОСТИ НА ТИМОТ “АЛО БУШАВКО” ↓



## МЕДИУМСКИ НАСТАПИ - Прв и втор квартал

Во изминатиот шест месечен период, освен со 24/7 достапност на АлоБушавко - телефонот за деца и млади, програмскиот и волонтерскиот тим имаа можност во медиумскиот простор да говорат за мисијата и визијата на Детската амбасада Меѓаши и активностите на АлоБушавко, со над 20 изјави од областа на детските права, меѓу кои: гостувања по повод 1 ЈУНИ - Меѓународен ден на детето, 12 АПРИЛ - Меѓународен ден на децата на улица, 25 мај - Меѓународен ден на исчезнати деца, детско учество и волонтеризам, како и гостувања на програмскиот тим на теми: Злоупотреба на правата на децата, Физичко насилство кај деца и Менталното здравје кај децата и младите. Сите медиумски настапи се достапни на Youtube каналот: https://www.youtube.com/@Megjashi







## СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

Волонтер(к)ите на АлоБушавко, се шаренолика група со различни интереси и таленти. Тимот кој ги одржува социјалните мрежи е комбинација од оние кои покажуваат посебен интерес за дигиталните алатки и оние кои го обожуваат пишаниот збор. Овој тим волонтер(к)и е задолжен за креирање на содржини од областа на детските права за социјалните мрежи на Детската амбасада, вклучително и споделување на активностите во рамки на работата на и Меѓаши.



## СТУДЕНТСКИ ПОСЕТИ ПО ПОВОД 19 МАРТ - СВЕТСКИ ДЕН НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА: ФАКУЛТЕТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ "МАЈКА ТЕРЕЗА"

Заедно со студентите од Факултетот за општествени науки при Универзитетот "Мајка Тереза" - Скопје, светскиот ден на социјалната работа го одбележавме со дискусија на тема социјална работа и улогата на социјалните работници во заедницата! Студентите - идни социјални работиници/чки се запознаа со работата на Детската амбасада и достапните сервиси кои МЕЃАШИ ги нуди како услуги. Благодарение на социјалните работници вработени во амбасадата, студентите имаа можност да видат како теоретските знаења за овие услуги изгледаат и се применуваат во пракса.
Многу прашања, позитивна енергија и искажување почит за успешноста во одржувањето на услугите повеќе од 30 години се дел од нештата кои ги понесовме со себе. Првата детска амбасада Меѓаши е отворена за сите студенти кои се мотивирани, љубопитни и желни да придонесат за унапредување на правата на децата во Македонија.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО РАМКИ НА АЛОБУШАВКО: ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И ПОЛИТИКА ПРИ УКИМ

Пред самиот ден на социјалната работа, во соработка со Институтот за социјална работа и политика при УКИМ, ја одржавме воведната средба со студентите - идни социјални работници за извршување на нивната практична настава во рамки на АлоБушавко- телефонот за деца и млади 070 390 632 при Прва детска амбасада Меѓаши. Практичната работа се извршуваше во период од 3 месеци, заклучно со месец мај 2024.







## КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК И МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА: КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РМ

Во просториите на Прва детска амбасада Меѓаши на 05.02.2024 одржавме средба со претседателката на Комора на психолози на Р.Македонија. Дискутиравме за горливите проблеми со кои се соочуваат децата и младите, меѓу кои дисфункционалноста во семејствата и меѓуврсничкото насилство како тригери за нарушување на менталното здравје кај децата и младите. Оваа средба произлезе од потребата не само за психосоцијална поддршка туку и психолошко советување кај дел од дојавувачите на „Ало Бушавко" и зголемениот број на дојави за самоубиство во последниот период. Покрај споделените искуства од пракса средбата ја завршивме со нови перспективи и заеднички цели во наредниот период како што е креирање протокол за постапување при дојави за самоубиство, нешто што не постои како документ во овој момент а со што се соочуваат волонтер(к)ите на АлоБушавко и поддршка од лиценцираните психолози - членови на Комората, во работата на телефонот за деца и млади.






## МЕСЕЧНИ КООРДИНАТИВНИ СОСТАНОЦИ СО ВОЛОНТЕРИТЕ НА АЛОБУШАВКО

Попладневните часови беа посветени на дружба и размислување за идеи за активностите во 2024 година во рамките на АлоБушавко – првата линија за деца и млади во Македонија. На овие средби секој од нас се чувствуваше поддржано, разбрано, почитувано и прифатено. Такви се вредностите за кои се залага Меѓаши преку волонтерскиот активизам! Она што може да се пофалиме е дека во тој момент линијата броеше над 15 волонтери/ки кои во текот на целата година продолжија со низата активности во рамки на Детската амбасада а посветени на децата и младите. Координативните и супервизиските средби ги негувавме секој месец до крајот на годината.

## РАБОТИЛНИЦА: СПРЕЧУВАЊЕ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД КИБЕР НАСИЛСТВО



Со поддршка од Детската фондација Песталоци во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ беше спроведена работилница за шестоодделенците од ООУ„Браќа Миладиновци“- Илинден на која имавме можност да зборуваме за тоа дали и како можеме да го запреме магичниот круг на насилство и на социјалните мрежи/ интернетот. Поминавме 60тина минути исполнети со многу дискусија на тема спречување и превенција од кибер насилство и она што го научивме е дека е многу полесно кога проблемот ќе се сподели но и дека има многу можности каде би можеле да се обратиме и да побараме помош. Увидовме дека кога ќе се ставиме во туѓи чевли е навистина неудобно и дека сите сме многу слични во нашето однесување. Она што го понесовме со себе се позитивни вредности, а научивме и дека се започнува со нашата желба да влијаеме и изградиме позитивна средина која ќе биде безбедна за сите!



## ОБУКА: РАЗВИВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ВЕШТИНИ НА ВОЛОНТЕРИТЕ/КИТЕ НА АЛОБУШАВКО

Со поддршка од Детската фондација Песталоци во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ беше спроведена дводневна обука за јакнење на капацитетите на волонтерите на АлоБушавко и поддржана е работата на линијата 24/7 преку ангажман на 2 операторки. Преку обуката, волонтерите и операторките ги зајакнаа своите знаења и вештини за справување со врсничко насилство во училиштата и улогата на родителите во превенција на насилството.

**МЕДИУМСКА ПРОМОЦИЈА НА “АЛО БУШАВКО” - Трет и четврт квартал**

Медиумска промоција на телефонот за деца и млади „Ало Бушавко“ (070 390 632) кој веќе 31 година е достапен 24/7 за сите што имаат потреба од помош, поддршка или разговор. По тој повод, Клементина Добревска од Првата детска амбасада Меѓаши гостуваше на Сител ТВ и на ТВ Телма, каде зборуваше за значењето на линијата и долгогодишната посветеност на тимот во заштита на правата на децата.
Во рамки на медиумска промоција се вклучи и нашиот волонтер - Даниел Смиљков кој за DW Македонија го сподели своето искуство како волонтер на линијата за деца и млади “Ало Бушавко”.












**МАГИЧЕН ДЕН СО ДЕЦАТА ОД ООУ “БРАЌА РАМИЗ И ХАМИД”**

Во посета на Првата детска амбасада Меѓаши, деведесет ученици од ООУ „Браќа Рамиз и Хамид“ имаа можност да се запознаат со детските права, работата на Ало Бушавко и активностите на Амбасадата.
Преку игри, разговори и едукативни материјали, денот беше исполнет со учење и забава, а најголем впечаток остави магичниот настап на маѓионичарот Кристиан Шопов, кој внесе вистинска радост кај децата.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ДЕТЕТО - 20 НОЕМВРИ

По повод Денот на детето, упативме силна порака дека почитувањето и заштитата на детските права не треба да бидат ограничени на еден ден, туку да станат дел од нашето секојдневие − 365 дена во годината. Потсетивме на важноста на правото на идентитет, дом, образование, здравје и заштита од насилство и експлоатација, како реални, а не само декларативни заложби.
Ги охрабривме институциите и заедницата да вложуваат во безбедни, поддржувачки простори за децата, каде ќе можат да растат, да се развиваат и да го остварат својот потенцијал.









## Резиме

Сите активности што ги спроведовме во текот на 2024 година преку СОС линијата за деца и млади – „Ало Бушавко“ беа насочени кон унапредување на квалитетот на услугата, со јасна цел: да ја доближиме линијата до децата и младите, да ја прикажеме како лесно достапна, едноставна за користење и отворена 24/7 за секој што има потреба од поддршка.
Преку различни информативни и едукативни активности, работилници и кампањи, се стремевме да изградиме чувство на доверба кај младите и да ги охрабриме да побараат помош кога се соочуваат со предизвици.

Дополнително, дел од нашите активности беа посветени на сензитизирање и информирање на наставниците и стручниот кадар во училиштата за прашањата и проблемите со кои се соочуваат учениците. За жал, често се соочувавме со недоволна заинтересираност и пасивност од страна на стручните служби во училиштата, иако постоеја позитивни исклучоци кои ни даваат надеж за поангажирана соработка во иднина.
Веруваме дека преку континуирана едукација, отворена комуникација и промовирање на достапните сервиси за поддршка, придонесуваме кон создавање побезбедна и поддржувачка средина за секое дете и млад човек.

Покрај наведените превземени акции и работилници, во текот на 2024 година, започнавме со активности фокусирани на темите за интернет безбедност и сексуално вознемирување на интернет, имајќи предвид колку дигиталниот простор станува значаен дел од секојдневието на децата и младите. Со зголемување на пристапот до дигитални платформи, расте и ризикот од различни форми на злоупотреба, а токму затоа „Ало Бушавко“ се посвети на подигнување на свесноста за тоа што претставува вознемирување, како се препознава, и како децата можат да се заштитат.
Очекуваме дека со продолжување на овие едукативни активности, бројот на дојави поврзани со овие теми ќе расте – не затоа што проблемите се нови, туку затоа што децата сè повеќе знаат што е неприфатливо однесување и каде можат да се обратат за помош. Веруваме дека препознавањето е првиот чекор кон заштита, а „Ало Бушавко“ останува тука како сигурна точка за поддршка и пријавување.

**Посебна прослава за заокружување на годината и доделување признанија – 24 декември 2024**

На 24 декември 2024 година ја одржавме нашата традиционална новогодишна прослава со тимот на Детската амбасада Меѓаши. Освен празничното дружење, овој настан беше збогатен со посебен момент на признание за волонтерите/ките и соработниците кои оставија значаен белег во текот на годината.
Со голема благодарност и почит беа доделени признанија во неколку категории:

- Волонтерка на годината: Мила Дамјановска
- Млад амбасадор на годината: Петар Павловски
- Млада амбасадорка на годината: Јана Николова
- Активистка на годината: Гордана Родич (SIEC Macedonia)

Особено значајно беше признанието Херој на годината, кое за првпат го доделивме оваа година. Ова признание ѝ припадна на Мила Дамјановска, за нејзината исклучителна посветеност и херојски чин – спасување детски живот преку СОС линијата „Ало Бушавко“, во време на зголемен број дојави поврзани со самоубиствени мисли.
Настанот беше симболично заокружување на една година исполнета со труд, љубов, посветеност и вистинска солидарност во името на децата.







# Прилози

## ПРИЛОГ 1 КОН ИЗВЕШТАЈОТ - ОПЕРАТИВНО-АДМИНИСТРАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СОС-ТЕЛЕФОНОТ

**Име на линијата за помош**: АлоБушавко-телефон за деца и млади

**Адреса:** ул. „Коста Новаковиќ“ бр. 22 А, Скопје

**Регион на работа**: Македонија

**Работно време на СОС-линијата:** секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, 24/7 дежурства во попладневните часови во работните денови ( 16ч - 08ч) 24/7 дежурства во викендите и неработните денови (00ч – 24ч )

**Е-пошта:**
sos@childrensembassy.org.mk
alobushavko@childrensembassy.org.mk

**Веб-страница:**
www.childrensembassy.org.mk
https://alobushavko.mk/

**Социјални мрежи:**
AloBushavko / СОС-линија за деца и млади alobushavko

**Контакт телефон на СОС-линијата:**
+389 (0)70 390 632

**Статус на ослободеност од наплата на линијата:** мобилниот телефон сè уште не е бесплатен, за жал немаме поддршка од домашните телекомуникациски оператори иако правиме напори да го добиеме бесплатниот меѓународен број на СОС-линии за деца 116 111



## ПРИЛОГ 2 КОН ИЗВЕШТАЈОТ

### АЛОБУШАВКО-ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НА МЕЃАШИ

АлоБушавко - телефонот за деца и млади функционира 31 години, од октомври 1993 година. Во текот на сите овие години до 2023год. обезбедена е некаква помош и/или совет на 22.588 пријавени дојави.

### ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ?

Сите кои се загрижени за добросостојбата и правата на децата, и кои сакаат да пријават злоупотреби, занемарување, насилство, сиромаштија или експлоатација, се обраќаат до АлоБушавко-телефонот. Ние ги слушаме нивните грижи и кога е потребно, апелираме во јавноста за зголемена свест за одредени прашања. Податоците добиени преку СОС-телефонот ги обработуваме, анализираме и ги презентираме во форма на годишен извештај. Овие анализи ги користиме за информирање и влијание на носителите на одлуки, а со нашите партнери работиме на подобрување на животите на децата. Главната цел на СОС-телефонот за деца и млади е да обезбеди простор за споделување на информации и поддршка за прекршените права на децата, како и помош во застапувањето, лобирањето и промоцијата на правата на детето. Во текот на разговорите не нудиме готови решенија, туку разговараме за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој се јавиле.

### ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА АЛОБУШАВКО-ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Работата на СОС-телефонот се заснова на принципите од Конвенцијата на ООН за правата на детето, која ги истакнува правата на децата на приватност и заштита од злоупотреба. Притоа, принципите на доверливост и анонимност се основа на која се гради нашата работа. Податоците за дојавувачите и засегнатото дете се испраќаат на надлежните институции само ако сериозноста на ситуацијата тоа го бара.
Принципи на работа:

1. **Најдобар интерес на детето** – интересите на детето се секогаш на прво место, и за секој случај се прави проценка за најдоброто решение за детето.
2. **Доверливост** – информациите добиени од лицата кои се јавиле се тајни и не се достапни за јавноста, туку се користат само за статистички анализи или податоци.
3. **Достапност** – АлоБушавко, телефонските броеви и други комуникациски канали (чат, е-пошта) се достапни 24/7.
4. **Анонимност** – и дојавувачите и советниците имаат право да останат анонимни.

## КОЈ СТОИ ЗАД АЛОБУШАВКО?

Стручниот тим на АлоБушавко –линијата за деца и млади го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници, наставници, психотерапевти и волонтери/ волонтерки од овие профили.

## СО КОГО СОРАБОТУВА АЛОБУШАВКО-ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ?

Во своето работење, АлоБушавко-телефонот за деца и млади соработува со различни субјекти – надлежни институции, други невладини организации кои се фокусирани на правата на детето или на било кој начин ги опфаќаат овие права, како и со индивидуални професионалци. Во зависност од природата на проблемот за кој се јавуваат, како и видот на прекршувањето на правата на децата, службата постапува преку писмени обраќања до надлежните институции и ги следи нивните постапки. Ако утврди дека институциите не постапуваат во најдобар интерес на децата, реагира соодветно. АлоБушавко – телефонот за деца и млади при Меѓаши е дел од глобалната мрежа на СОС-линиите Child Helpline International (CHI), меѓународна организација призната од Европската комисија, Генералниот директорат за правда, како стратешки партнер во јакнењето на улогата на детските СОС-линиите во Европа. Оваа мрежа има значајна улога и на глобално ниво во подобрувањето на правата на децата, заснована на реални податоци.

## ПРИЛОГ 3 КОН ИЗВЕШТАЈОТ - МЕТОДОЛОГИЈА НА СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Методологијата на систематизирање на дојавите се состои во бележење на секој контакт (дојава) како еден дојава, следејќи ја основната структура на рамката на клучни категории и поткатегории подготвени од глобалната мрежа на СОС-линии Child Helpline International, чија членка е Првата детска амбасада во светот Меѓаши од 2004 година. Структурата на рамката се состои од:

- Општи категории податоци што се однесуваат на контекстот на дојавувачот, но не се однесуваат на причините за јавување: возраст, животна ситуација, ранливи групи, односи, локација на проблемот, регион, јавувачи, начин на контактирање.
- Четири теми што се однесуваат на причините за јавувањето (загрозување, здравје, социјална благосостојба и друго), со 11 категории распределени во нив и подкатегории во секоја од категориите.

"Под дојава се подразбира секоја прва остварена комуникација. За секој или речиси секој дојава комуникацијата продолжувала со повеќе реализирани разговори, сè до посакуваното решавање на проблемот за кој е остварен контактот."

## ПРИЛОГ 4 КОН ИЗВЕШТАЈОТ

### КОИ СЕ ИНГЕРЕНЦИИТЕ НА АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ПРИ ПДАС МЕЃАШИ?

- Да ги застапува правата на детето;
- Да даде психолошко и правно советување на или за деца;
- Да ги упати дојавувачите до советници во училиштата (психолози, педагози, дефектолози), до институциите за заштита на деца или до институциите за спроведување на законот (центар за социјална работа, полиција, Народен правобранител), до здравствени работници или до други организации како посоодветни за решавање на конкретниот проблем и да соработуваме со нив доколку е потребно;
- Да преземе директна акција заедно со надлежни институции по нивно барање, на пример, со интервентен тим на Центарот за социјални работи од Скопје, полиција итн.;
- Директно да се обрати до надлежните институции за спроведување на законот преку допис, барање, известување, или повик;
- Да пријави дојава до соодветната институција во име на дојавувачот по претходна добиена писмена дозвола од истиот, вклучително и дозвола добиена по електронски пат;

### АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НЕМА НИКАКВА НАДЛЕЖНОСТ ДА ГО НАПРАВИ СЛЕДНОТО:

- Да ги застапува правата на возрасните при бракоразводни постапки, сопственички права, наследноправни односи, лични тужби и слично;
- Да дава психолошки и правни совети на возрасни за нивни лични проблеми во кои не се директно засегнати децата;
- Да извршува контрола на лице место во која било јавна институција (центар за социјална работа, училиште итн.) или приватна (спортски клубови, игротеки и слично). Може само да упати апел или пријава до надлежните да извршат контрола;
- Да прави теренски увид, (на пример: посета на семејство, на место на случување на настан, јавни места итн.);
- Да споделува работи кои се доверени како информација меѓу јавувачите засегнати за ист настан или проблем;
- Да споделува дописи од институции за спроведување на законот, на родителите/јавувачите;
- Да врши медијација при нарушени меѓучовечки односи меѓу правни и физички лица во кои се вклучени деца;
- Да дава препораки за судски одлуки и решенија на центрите за социјална работа;
- Да истражува во јавни или приватни установи по добиена дојава (вработени во установи, училишта, меѓучовечки односи, видео снимки, фотографии, настани итн). Меѓаши не е истражен орган и нема такви надлежности



**Ало Бушавко: Твој пријател кога имаш проблем**

Дознај како Ало Бушавко може да ти помогне

alobushavko.mk